# Јордан и Кипар Авантура

## 11. септември 2025. - 21. септември 2025.
## 11 дена - 9 ноќи

Кралството на Блискиот Исток, Јордан (Jordan) е земја во која се наоѓа најневеројатното чудо на античкиот свет, уникатната Петра (Petra)!

Јордан е древна егзотична земја со неверојатна историја. Полна со легенди и традиции, богато културно наследство, архитектонски атракции, прекрасни плажи на Црвеното Море и лековити води на Мртвото Море. Таа зазема посебно место во развојот на светските цивилизации и религии.

Легендарната пустина Вади Рум со доживувањата на Лоренс од Арабија, егзотичниот брег на Црвеното Море каде имаме совршена прилика и за нуркање и пливање во првиот подводен воен музеј каде на морското дно има потонати тенкови, бродови и авиони.. Бурното минато и сегашноста на Кралството, и како врв на доживувањето – Петра.

Петра позната уште како “град црвен како роза и стар колку што е стар светот”, престолнината на Набатејците - избран како едно од новите седум Светски чуда е можеби најсмелото место во светот. Фасцинантна е способноста на древните цивилизации пред многу векови да изградат град во карпа!

Не очекува планински рај и неверојатни погледи на долината и Мртвото море. Според традицијата, Мојсеј, од Планината Небо во Јордан ја видел Ветената земја.

Пливаме во Мртвото море каде концентрацијата на сол во водата е највисока во светот, а заради соленоста, невозможно е да се потоне во него! Го посетуваме Аман (Amman), главниот град на Јордан, за кој се вели дека е најлибералниот град во арапскиот свет.

Пустината Вади Рум или како што ја нарекуваат „Долина на месечината“ се наоѓа недалеку од границата со Саудиска Арабија. Во Вади Рум се менуваат пејзажите како тесни клисури, природни сводови, пустинска вегетација и пештери. Топол црвен песок под нас, црвени карпи околу нас и црвено сонце над нас, а пустина не сме ја доживеале како што треба, ако не пиеме чај со бедуини.

Јордан е и домот на археолошкиот локалитет Ал-Магтас (Al-Maghtas) каде што е крстен Исус од Назарет од Јован Крстител.

**Посети вклучени во цената на пакетот: посета на Малата Петра, посета на Аман, посета на џамијата на кралот Абдула,**

**посета на тврдината во Аман, посета на Римскиот театар, посета на планината Небо, посета на Мртвото Море, посета на Мадаба, Акаба City Tour, посета на местото каде што е крстен Исус Христос (Ал-Магтас).**

**План и програма**

**Ден 1: Состанок на патниците и поаѓање**

Состанок на патниците и трансфер до Аеродромот во Солун, Грција. Попладневен лет од Солун со Ryan Air и пристигнување во Пафос, Кипар. Трансфер од аеродром до сместувањето. Првиот ден во Кипар се одмараме и се подготвуваме за престојната авантурата!

**Превоз**
Трансфер од Скопје до Аеродромот во Солун
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Солун - Пафос, во економска класа со вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x20x25cm

**Сместување**
Veronica Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Скопје, Солун, Пафос

**Факултативни излети**
ЈОРДАН - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА!

**Ден 2: Факултативен излет -- Nissi Beach**

Слободно време за уживање на овој медитерански остров и неговата најубава плажа -- Nissi Beach. Нашиот ден е исполнет со сончање, фрапе, по некој коктел, морска храна, узо и таверни. Кристално чиста вода, мек бел песок и некои од најдобрите beach барови на целиот остров! Ден кој не спрема за авантурата која ќе ја паметиме доживотно!

**Сместување**
Veronica Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Пафос

**Храна**
Континентален појадок × 1

**Факултативни излети**
Nissi Beach

**Ден 3: Пристигнување во Јордан и факултативен излет - Посета на Џераш**

Летаме во раните утрински часови од Пафос до Аман. Се сместуваме во Аман и ја започнуваме нашата авантура со посета на Џераш. Џераш е едно од најпосетуваните места во Јордан, по Петра и пустината Вади Рум. Антички град кој крие траги од население од пред 6,500 години. Златното доба на градот било за време на владееењето на Римјаните, па и денес е еден од најдобро зачуваните провинциски градови на антички Рим. Ова исклучително вредно наследство, спој на влијанијата на античка Грција, Рим, Медитеранот и Ориентот, е откриено пред 70 години и е место на вековно преплетување на Истокот и Западот. Денес е модерен град со околу 50.000 жители, главно Арапи, Палестинци, Курди и Ерменци.  Неверојатно место каде што можете да уживате во хармонијата и мешавината на култури и народи на истокот. По излетот се враќаме назад во нашето сместување.

**Превоз**
Трансфер од сметување до аеродром.
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Солун - Аман, во економска класа со вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x20x25cm
Трансфер од аеродром до сместувањето

**Сместување**
Sparr Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Пафос, Аман

**Храна**
Континентален појадок × 1
Полупансион (вечера) × 1

**Факултативни излети**
Посета на Џераш (Jerash)

**Ден 4: Посета на планината Небо, Мртво Море и Мадаба**FREE ИЗЛЕТ

Го напуштаме нашето сместување во Аман и продолжуваме кон Мадаба, антички град во Јордан, југозападно од главниот град Аман. Познат е по својата мозаична карта на Светата земја. Потоа ја посетуваме прочуената планина Небо, местото од каде Мојсеј за прв пат ја видел ветената земја. Ја продолжуваме нашата авантура на Мртвото Море, најнеобичното езеро во светот, кое со години привлекува илјадници туристи од целиот свет. Аристотел пишувал за извонредните својства на нејзината вода, а египетската кралица Клеопатра го добила како подарок од Марко Антониј. Со длабочина од 416 метри под нивото на морето, Мртвото море е најниската точка на земјата. Концентрацијата на сол во водата е најголема во светот со околу 30%, речиси осум пати повеќе од соленоста на другите мориња и океани. Своето име го добива поради тоа што во неговите води не можат да опстојат живи организими (како растенија и животни). Продолжуваме до Вади Муса (Петра), се сместуваме и имаме слободно време!

**Сместување**
Petra Icon Hotel 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Аман, Вади Муса

**Храна**
Полупансион (појадок и вечера) × 1

**Факултативни излети**
ЈОРДАН - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА!

**Ден 5: Дводневен факултативен излет во Петра**

Се враќаме во минатото и истражуваме еден од најмистериозните антички градови на #целсвет -- дами и господа Магичната Петра. Освојуваме уште едно светско чудо!! Поминуваме низ фасцинантниот Сик (кањон) и пристигнуваме до прочуената Ризница -- која ја гледаме на сите разгледници од Јордан и каде е сниман познатиот холивудски блокбастер -- Индијана Џонс. Се искачуваме до прекрасниот манастир кој ни нуди незаборавен поглед кон самата Ризница. Имаме можност да се напиеме чај и да се сликнеме со ова светско чудо од една сосема различна перспектива. Пешачиме низ резбани фасади, тесни клисури и скриени гробници - ден исполнет со историја, авантура и незаборавни спомени!!

**Сместување**
Petra Icon Hotel 3* **(1 ноќ)**

**Место**
Вади Муса

**Храна**
Полупансион (појадок и вечера) × 1

**Факултативни излети**
Дводневен факултативен излет во Петра

**Ден 6: Дводневен факултативен излет во Петра и Факултативен излет - пустината Вади Рум**

Утрото ја продолжуваме нашата авантура во Петра. Петра е еден од ретките археолошки локалитети кои не е возможно да се искусат само во еден ден. Поради тоа овој ден продолжуваме со нашиот факултативен излет во Петра. Уживаме во привлечноста на Блискиот Исток, древната архитектура на Набатејците и ги откриваме тајните на овој древен град.

Вистинските хедонисти и авантуристи имаат можност својата авантура да ја продолжат во Вади Рум. Пустина речиси недопрена од човечка рака. Уживаме во нереалните пејзажи на песочна и камена пустина, планинариме, јаваме камили и се возиме со џипови. Додека кинофилите ќе видат некои од локациите каде што се снимени некои од најголемите блокбастери, како The Martian, Star Wars, Dune, Aladdin и многу други. Нашиот ден го завршуваме восхитувајќи се на нереалното ѕвездено небо над самата пустина. Ноќевање

*Напомена: Сите кои одат на факултативниот излет - Вади Рум се сместени во самата пустина во Rum Guest House, Wadi Rum Jordan.*

**Сместување**
Yafko Hotel 4* **(1 ноќ)**

**Место**
Вади Муса, Акаба

**Храна**
Полупансион (појадок и вечера) × 1

**Факултативни излети**
Дводневен факултативен излет во Петра
Факултативен излет во пустината Вади Рум.

**Ден 7: Акаба City Tour FREE ИЗЛЕТ и Крстарење по Црвено Море**

По појадок започнуваме со истражување на Акаба, ги посетуваме пазарите во Акаба. Нашиот ден го продолжуваме со ***факултативен излет - Крстарење по Црвено Море***. Двочасовно крстарење по Црвеното Море помеѓу Јордан, Израел, Египет и Саудиска Арабија. Го посетуваме првиот подводен воен музеј во светот, каде што има потонати бродови, тенк и два авиони. Имаме ручек на бродот. Во цената е вклучено: превоз, локален водич, крстарење, ручек на брод со безалкохолен пијалок.

**Сместување**
Yafko Hotel 4* **(1 ноќ)**

**Место**
Акаба

**Храна**
Полупансион (појадок и вечера) × 1

**Факултативни излети**
ЈОРДАН - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА!
Крстарење по Црвеното Море

**Ден 8: Посета на местото на Крштевање на Исус Христос FREE ИЗЛЕТ**

Во утринските часови го напуштаме сместувањето и продолжуваме кон Ал-Магтас -- местото на крштавањето на Исус Христос (Ал-Магтас). Познато археолошко светско наследство - недалеку од селото Бетавара, на источниот брег на реката Јордан, посетуваме неколку цркви изградени од Јован Крстител, бедуински пештери и базени во кои се крстело локалното население. Продолжуваме кон Аман каде што се сместуваме. Имаме слободно време да ги истражиме убавините на овој град.

**Сместување**
Sparr Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Акаба, Ал-Магтас, Аман

**Храна**
Полупансион (појадок и вечера) × 1

**Факултативни излети**
ЈОРДАН - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА!

**Ден 9: Авантура во Аман FREE ИЗЛЕТ**

Главниот град на Кралство Јордан. Во Аман живеат нешто повеќе од 4 милиони жители и го сметаат за најлиберален град во арапскиот свет. Богатото наследство и духот на истокот го привлекуваат вниманието на патниците ширум светот. Град кој е создаден за истражување и уживање во магијата на истокот. Ја посетуваме прочуената тврдина, сместена на еден од седумте ридови во Аман која нуди неверојатен поглед на самиот град. Потоа продолжуваме кон Римскиот театар во Аман. Театар кој е изграден во 2 век од нашата ера и има капацитет од 6.000 седишта. Познат археолошки локалитет во јорданската престолнина од времето кога градот се викал Филаделфија. Нашата авантура продолжува до џамијата на кралот Абдула. Најголемата џамија во Јордан и една од ретките џамии во оваа држава која прима посетители од сите религии. Овој ден некако не шета помеѓу Рим и Акропол додека чекориме по сокаците на пустинскиот град на истокот. Запознавањето со улиците на главниот град на Јордан го завршуваме со прошетка низ прочуената улица на виножитото.

**Сместување**
Sparr Hotel **(1 ноќ)**

**Место**
Аман

**Храна**
Полупансион (појадок и вечера) × 1

**Факултативни излети**
ЈОРДАН - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА!

**Ден 10: Пристигнување во Пафос и Paphos City Tour**FREE ИЗЛЕТ

Го напуштаме сместувањето во Аман, трансфер до аеродром и утрински лет за Пафос. Пристигнуваме во Пафос и започнуваме со истражување на овој град. Започнуваме со Petra tou Romiou -- местото каде што според грчките митови се верува дека се родила божицата на љубовта и убавината Афродита. Оттука продолжуваме кон Kato Pafos -- место богато со значајни архeолошки наоѓалишта, прекрасни мозаици и легенди. Ја посетуваме Гробницата на Кралевите -- подземна гробница која е прогласена за Светско наследство од УНЕСКО. Потоа, ќе го посетиме Столбот на Свети Павле, каде според легендата, апостолот бил врзан и камшикуван. Близу се наоѓа и Црквата Хрисополитиса. Продолжуваме кон пристаништето на Пафос -- каде имаме слободно време да посетиме некоја продавница и да седнеме во некоја од локалните таверни. Нашата авантура ја завршуваме во Археолошкиот парк на Пафос -- кој неодамна беше прогласен за Светско културно наследство од УНЕСКО. Трансфер до аеродром и вечерен лет од Кипар за Солун.

**Превоз**

Трансфер од сместувањето до аеродром
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Аман - Пафос, во економска класа со вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x20x25cm
Индивидуален авио билет со сите такси на релација Пафос - Солун, во економска класа со вклучен рачен багаж од 10kg со димензии 40x20x25cm

**Место**

Аман, Пафос

**Ден 11: Враќање и крај на патувањето**

Пристигнување на Аеродромот во Солун по полноќ, трансфер до Скопје. Пристигнуваме во Скопје во раните утрински часови **Крај на патувањето.**

**Превоз**

Трансфер од Аеродромот во Солун до Скопје

**Место**

Солун, Скопје

**Цени и услови**

| Што е вклучено |
|---|
| Регуларна цена<br>**1.299,00** EUR |
| **ULTRA FIRST MINUTE!**<br>Попустот важи само за **првите 6 пријави!**<br>**1.149,00** EUR |

**Не е вклучено**

- Меѓународно здравствено осигурување (може да се уплати во агенцијата)
- Факултативни излети и влезници за културно-историски споменици
- Задолжителен надоместок за услугата (Tips) на локалниот водич и шофер кој изнесува 30 ЕУР по лице за време на целото патување.

Сите уплати се вршат **исклучиво во денарска противредност** по курс од 62 денари за 1 евро и тоа:**при пријавување се плаќаат 200€ (12.400,00 МКД) по лице.** Преостанатиот дел се плаќа **најдоцна 40 дена пред поаѓање.** Можност за плаќање преку трансакциска сметка (на фактура) и со платежни картички Visa, Master, Maestro.

Препорачуваме рано пријавување на патници заради ограничениот број на места. При пријавувањето потребно е да се достави скенирана прва страница од патната исправа, која е валидна за датумот на патувањето (има важност минимум 6 месеци по датумот на враќање и има доволно празни страници во текот на патувањето), во спротивно агенцијата не одговара за печатење на авио билетот со погрешни податоци.

Доколку се пријавите како **соло патник**, потребна е **доплата за еднокреветна соба**. Со цел да го избегнете овој трошок по пријавата ние ќе го рекламираме Вашето поаѓање на нашите социјални медиуми за да најдеме друг соло патник кој би сакал да дели сместување со Вас. Агенцијата нема обврска задолжително да Ве спои со друг соло патник доколку никој не се пријави. **Во тој случај, доплатата за еднокреветна соба останува** како ставка за плаќање од страна на пријавениот патник.

**Факултативни излети**

**ЈОРДАН - 10 ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНА!**

**ИЗЛЕТИ ВКЛУЧЕНИ ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ:**

**1. Малата Петра -** Малата Петра е археолошки локалитет кој се состоии од неколку градби изградени во песочник. Се верува дека Малата Петра е изградена во првиот век од нашата ера, во златното доба на цивилизацијата на Набатејците. Археолозите веруваат дека тука живееле најуспешните Набатејски трговци.

**2. Модерен Аман** - Главниот град на Кралство Јордан. Во Аман живеат нешто повеќе од 4 милиони жители и го сметаат за најлиберален град во арапскиот свет. Богатото наследство и духот на истокот го привлекуваат вниманието на патниците ширум светот. Град кој е создаден за истражување и уживање во магијата на истокот. Овој ден некако не шета помеѓу Рим и Акропол додека чекориме по сокаците на пустинскиот град на истокот. Запознавањето со улиците на главниот град на Јордан го завршуваме со прошетка низ прочуената улица на виножитото.

**3. Џамијата на кралот Абдула** - Најголемата џамија во Јордан и една од ретките џамии во оваа држава која прима посетители од сите религии.

**4. Тврдината во Аман** - Ја посетуваме прочуената тврдина, сместена на еден од седумте ридови во Аман која нуди неверојатен поглед на самиот град.

**5. Римскиот театар** - Римскиот театар во Аман е изграден во 2 век од нашата ера и има капацитет од 6.000 седишта. Познат археолошки локалитет во јорданската престолнина од времето кога градот се викал Филаделфија.

**6. Планината небо** - Планината Небо е местото каде Мојсеј ја видел Ветената земја. Се наоѓа во близина со границата на Израел и кога времето е ведро може да се види територијата на Израел.

**7. Мртвото море** - Езеро кое веќе со години привлекува илјадници туристи. Аристотел пишувал за неверојатните својства на неговата вода, а египетската кралица Клеопатра го добила како подарок од Марко Антониј. Со длабочина од 416м под нивото на морето, преставува најниска точка на земјата. Има највисока концентрација на сол во водата, скоро осум пати повеќе од било кое море или океан на светот.

**8. Мадаба** - Мадаба е град во близина на планината Небо, уметнички центар на истокот. Веќе со векови го чува наследството од раните христијани и е симбол на почитувањето и разбирањето помеѓу народите.

**9. Aqaba - City Tour и плажа -** Ја истражуваме Акаба, единствениот крајбрежен град во Јордан. Ги посетуваме пазарите во Акаба и потоа одиме на плажа, каде пливаме, нуркаме и го истражуваме подводниот свет на Црвеното Море.

**10. Местото каде е крстен Исус Христос (Ал-Магтас)** - "Местото за крштавање" или исто така познато како Ал-Магтас е едно од петте УНЕСКО светски наследства во Јордан и се наоѓа на источниот брег на реката Јордан. Археолошкиот локалитет се состои од два главни области: Ридот Џабал Мар-Елиас (познат како ридот на Илија) и областа на црквите на Свети Јован Крстител. Локалот се наоѓа обиколен од живописна природна околина. Се верува дека Ал-Магтас е локацијата каде што Исус Христос бил крстен од Јован Крстител. Има остатоци од римски и византиски цркви и капели, манастир, бедуински пештери и базени во кои се крстеле жителите. Овој локалитет претставува христијанско место за аџилак.

**Nissi Beach**
**Цена**: **70,00** EUR

Посета на најубавата плажа на целиот остров -- познатата Nissi Beach. Нашиот ден е исполнет со коктели, фрапиња и уживање во најдобрите таверни и beach барови на Кипар. 500 метри бел песок, тиркизно море ии палми -- звучи совршено нели? Излет кој не спрема за авантура која ни следи!

*Напомена: За реализација на излетот се потребни минимум 12 патници.*

**Посета на Џераш (Jerash)**
**Цена**: **60,00** EUR

Еден од најпосетените локалитети во Јордан после Петра и пустината Вади Рум. Антички град кој крие трагови на население од пред 6500 год. Златното време на градот било во време на владееието на Римјаните па се до денес и е еден од најдобро сочуваните провинциски градови на стариот Рим. Ова скапоцено наследство е комбинација на влијанието на старата Грција, Рим, Медитеранот и Ориентот. Џераш е откриен пред 70 години и е место на вековно зближување на истокот и западот. Денес е модерен град со околу 50.000 жители, од кој поголемиот дел се Арапи, Палестинци, Курди и Ерменци. Како и сите други градови во Јордан, неверојатно место каде може да уживате во складноста и мешавината на културата и народот на истокот.

**за реализација на излетот потребни се минимум 10 патници.*

**Дводневен факултативен излет во Петра**
**Цена**: **115,00** EUR

Сместена помеѓу Црвеното и Мртвото Море и населена од праисториските времиња се до VII век; главен град на Набатејците врежан во карпа; во хеленистичко и римско време, главен караван - центар за темјан од Арабија, свила од Кина и зачини од Индија; раскрсница меѓу Арабија, Египет и Сирија - Магичната Петра.

Петра е полу-изградена, полу-врежана во камен и е опкружена со планини преполни со премини и клисури. Генијалиот систем на управувањето со вода овозможил суштински да се реши населувањето на ова суво подрачје во времето на владеење на Набетејците, Римскиот и Византискиот период.
Таа е една од најбогатите и најголемите археолошки места во светот поставена во доминантно песочен пејсаж. Извонредноста на Петра се наоѓа во архитектурата на гробниците и храмовите; остатоците од канали, тунели и брани за пренасочување на вода, кои се комбинираат со огромна мрежа тенкови и резервоари што собираат сезонски дождови; како и другите археолошки остатоци - храмови, цркви итн.

Мешавината на хеленистичките архитектонски фасади со традиционалните изрезбани храмови и гробници во камен на Набатејците - вклучувајќи ги гробницата Урн, Коринтиската гробница и Деир („манастирот“) - се уникатни уметнички достигнувања и извонредна архитектонска целина од првите векови п.н.е. Различните археолошки остатоци и спомениците на архитектурата од праисториските времиња до средновековниот период носат извонредно сведоштво за сега изгубените цивилизации што наследиле еден на друг на ова место.

Времетраењето на излетот е 2 дена.

Во цената на излетот е вклучено: трансфери, локален водич и билети.

**Факултативен излет во пустината Вади Рум.**
**Цена**: **130,00** EUR

Вади Рум или како што ја нарекуваат „Долина на месечината“ се наоѓа недалеку од границата со Саудиска Арабија. Во Вади Рум се менуваат пејзажите како тесни клисури, природни сводови, пустинска вегетација и пештери. Некаде песокот е жолт, некаде светло портокалов и некаде земјата е покриена со мали камења. Името Вади Рум значи долина, а највисоката точка во пустината е планината Ум Дами која е висока 1800 метри.

Времетраењето на излетот е 2 дена/1 ноќевање во Rum Guest House, *Wadi Rum Jordan.*

Во цената е вклучено: превоз, локален водич, влезници, ноќевање во кампот, вечера, појадок, јавање камили или возење со џип.

**Крстарење по Црвеното Море**

**Цена**: **60,00** EUR

Двочасовно крстарење по Црвеното Море помеѓу Јордан, Израел, Египет и Саудиска Арабија. Црвеното Море е познато како една од најдобрите дестинации во светот за нуркање. Има многу богат подводен живот, кристално чиста вода и разнобојни корални гребени. Црвеното море е дом на повеќе од 450 видови риби и повеќе од 127 видови на корали. Застануваме на две локации со најубавите корални гребени во ова море, нуркаме и ги истражуваме убавините на подводниот свет на Црвеното море. Нашата авантура ја завршуваме со ручек на самиот бродот.

*Во цената е вклучено: превоз, локален водич, крстарење, опрема за нуркање, ручек на брод со безалкохолен пијалок.*

**Сместување**

**Veronica Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

**Veronica Hotel 3*** (по локална категоризација) е сместувачки објект кој се наоѓа во градот Пафос на Кипар. Хотелот има сопствена градина, тераса, базен, ресторан и pool бар. Располага со двокреветни соби со сопствено купатило. Сите соби се климатизирани, имаат фен, минибар и бесплатен интернет. Сместувањето е на база ноќевање со континентален појадок.

**Сајт**

https://www.veronicahotel.com.cy/

**Адреса**

Danais 20
Paphos 8142
Cyprus

**Sparr Hotel** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Sparr Hotel е сместувачки објект во Аман (Amman) со *** (по локална категоризација). Се сместуваме во двокреветни соби. Секоја соба има сопствен тоалет, балкон, фрижидер, кафемат, бесплатен интернет и клима уред. Услугата е на база ноќевање со полупансион -- појадок и вечера.

**Сајт**

https://sparr-hotel.amman-hotels-jo.com/en/

**Адреса**

Queen Rania Street
30001 Amman
Jordan

**Petra Icon Hotel 3*** ***

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Petra Icon Hotel е семстувачки објект со 3* по локална категоризација. Хотелот се наоѓа во градчето Wadi Musa кое е во непосредна близина на светски познатиот локалитет **Петра.** Хотелот располага со дво-креветни соби. Секоја соба има сопствен тоалет, сателитска ТВ, бесплатен Wi-Fi и клима уред. Сместувањето се наоѓа на само две минути од мегапознатиот историски локалитет Петра.

**Сајт**

https://petraiconhotel.com/lander?fbclid=IwY2xjawITBt9leHRuA2FlbQIxMAABHbwwIe7y5agdGCYN7L6A1wfRGolX0qo5cefUHOr91RpRP6N33uNW4KWZHQ_aem_HaNqVY…

**Адреса**

Tourism Street
71810 Wadi Musa
Jordan

**Yafko Hotel 4*** ****

**Ова е пример сместување кое може да го очекувате. Договореното сместување може да биде поинакво, но слично во она што го пружа.**

Yafko Hotel е семстувачки објект со 4* по локална категоризација. Хотелот се наоѓа во градот Акаба на 600 метри од преубавата плажа Al-Ghandour Beach. Хотелот располага со дво-креветни соби. Секоја соба има сопствен тоалет, сателитска ТВ, бесплатен Wi-Fi и клима уред. Сместувањето нуди room service и просторија за складирање багаж.

**Адреса**

Aqaba st. Al Manara
77110 Aqaba
Jordan

**Превоз**

**Авион**

Патнички авион (линиски авион или комерцијален транспортен авион) е голем авион првенствено наменет за комерцијален превоз на патници и товар.

**Локален трансфер**

Помало превозно средство за најчесто до 15 патници. Во зависност од земјата може да биде со помал или поголем комфор.

**Места**

**Скопје**

Скопје е главен и најголем град на Република Северна Македонија.

**Солун**

Солун е град во Р. Грција.

**Пафос**

Пафос е едно од главните летувалишта на Кипар.

**Аман**

Аман - главен град на Кралството Јордан. Во градот живеат нешто повеќе од 4 милиони жители и се смета за најлиберален град во арапскиот свет. Бројот на туристи и поматаму е мал но во последните години се зголемува. Богатото наследство и источниот дух привлекуваат се повеќе туристи од целиот свет.

**Вади Муса**

Вади Муса е град кој се наоѓа во јужен Јордан. Тој е административен центар на регионот Петра и најблискиот град до археолошкиот локалитет Петра.

**Акаба**

Акаба на самиот југ на Јордан е голем пристанишен град на брегот на Црвеното море. Погодната температура во текот на целата година но и бурната историја, како и богатиот морски свет од Акабе направиле една една од најважните туристички дестинации во Јордан. На брегот се наоѓа и највисоката застава која се гледа од соседен Израел но и од Египет. Првата населба на ова подрачје е основана пред повеќе од 6000 години. Акаба настанала на територијата на Саудијска Арабија.

**Ал-Магтас**

Ал-Магтас, познато како место за крштевање „Бетанија зад Јордан“, е археолошко светско наследство во Јордан, на источниот брег на реката Јордан, што се смета за оригиналната локација на Крштевањето на Исус од Јован Крстител и почитувана како таква

**Корисни информации**

**Јордан**

**Општи информации:**

Блискоисточна земја со неверојатна и турбулентна историја и целосно отворени и пријатни луѓе. Граничи со Сирија, Ирак, Саудиска Арабија и Израел. Пустините, реките, планините се протегаат низ целата земја, а во центарот е градот од камен - Петра, место заштитено од УНЕСКО. Исто така, на оваа територија се наоѓа и најсоленото море во светот - Мртво море.

**Главен град:** Аман

**Површина:** 89.342км²

**Број на население:** 10.2 милиони жители

**Население:** Арапи 98%, останати 2%

**Јазик:** арапски и англиски

**Вероисповед:** муслимани 97%, христијани 2%, останати (будисти, хиндуси, евреи) 1%

**Независност:** 1946 година

**Валута:** јордански динари

За тргување во Јордан морате секогаш со себе да имате од локалната валута

**Платежни картички и банкомати:** Банкомати постојат, но не може да се потпрете на нив. Картички не секогаш може да се користат и се препорачува плаќање во готовина. За повеќе детали посоветувајте се со вашата банка и задолжително пријавете го заминувањето во странство, за да не дојде до случајно блокирање на вашите картички.

**Временска зона:** GMT +3

**Клима:** Климата во Јордан е типично пустинска клима, со високи дневни и ниски ноќни температури. Во текот на денот температурата се движи помеѓу 20 и 32˚C, додека ноќните можат да се спуштат околу 10˚C. Па за време на пакувањето имајте го ова во предвид.

**Храна и пијалаци:** Традиционалната исхрана опфаќа, пилешко, јагнешко, приготвени на повеќе начини, леб, салати и јадења кои се карактеристични за Блискиот Исток, како што се фалафел и хумус. Тука се и слатките како слатко сирење, баклави... Задолжително пробајте чај и кафе. Алкохолот е прилично скап. Исто така, во ресторанить каде што претежно се исхранува муслиманското население, алкохол не се нуди. Овошјето премијте го со флаширана вода или излупете го. Цените за

храната се прифатливи, што не е случај за алкохолните пијалаци.

**Здравје:** За влез на територијата на Јордан, законски не е потребно да се прими вакцина, но Ве советуваме да се консултирате со вашиот лекар. Се препорачува консумирање на флаширана вода. Од лекови со себе понесете ги лековите за вашата редовна терапија доколку ја примате, пробиотици, лекови за снижување на телесна температура, поротив болки, односно лековите кои генерално ги понесувате со себе на секое патување. Неопходно е со себе да понесете и крема за сончање.

**Осигурување:** Препорака е да се има здравствено осигурување.

**Сигурност, безбедност и правила на однесување:** Градовите и местата кои ги посетуваме на турите се релативно безбедни, но секако советуваме да бидете претпазливи и внимателни кога се во прашање вашите лични работи (како и во било кој друг град). Немојте сами да одите да шетате или истражувате, а во вечерните и ноќните часови советуваме да не се одвојувате од групата. Немојте да одите во северните делови на Јордан, пограничните премини према Сирија и Израел. Во секој случај избегнувајте теми поврзани со политичката ситуација во регионот, особено разговори за Израел. Водете сметка додека фотографирате, бидејќи доколку сакате да фотографирате некого, голема е веројатноста дека ќе побараат за истото да им биде платено. Бакшиш и ценкање се дел од традицијата.

**Облека:** Ве молиме да обрнете внимание на начинот на кој се облекувате. Кратки панталони и сукњи над колена, како и голи рамена и блузи со длабоки деколтеа се забранети при посета на верски објекти. Наведениот начин за облекување во верските објекти важи и за секојдневните прошетки. Одберете секојдневна гардероба, но со оглед на тоа дека ве очекуваат температури помеѓу 20 и 30 степени, истата гледајте да биде од полесен материјал. Задолжително понесете и нешто со долги ракави и ногавици што ќе служи за време на ноќите и за време на летот. Понесете удобна облека за истражување на Петра, како и марама (за припадничките на женскиот пол) која ке Ви биде од корист при шетање на сонце и додека посетувате верски објекти. Мажи не смеат да шетаат без маица.

**Комуникација:** Нашите мрежи работат на териториите на Јордан. Скоро сите угостителски објекти имаат wi-fi

**Струја:** Што се однесува до електричната енергија , напонот е ист како кај нас и не се потребни дополнителни адаптери за приклучување.

**Сувенири:** Од сувенири ги препорачуваме традиционалните облеки и материјали, накит,  зачини, чаеви, кафе, керамика, производи од Мртвото море, марами... Забрането е изнесување школки, корали и други предмети од природата.

**Важни напомени**

**Напомени:**
**Општи напомени:**

- Организатор на патувањето е ТА ЦЕЛ СВЕТ ДОО СКОПЈЕ со лиценца УП 113-289 ОД 17.07.2024 година.
- При пријавување, потребно е да доставите копија од пасош/податоци од пасошот со кој патникот ќе патува на самото патување. Патникот мора задолжително да го провери траењето и исправноста на патниот документ, како и бројот на слободни страници потребни за патувањето.
- Сите пасоши мораат да имаат рок на важење минимум 180 дена (6 месеци) од датумот на враќање во земјата.
- Организаторот на патувањето го задржува правото на измена на одредени содржини од програмата, во случај на вонредни околности и работи кои агенцијата не може да ги предвиди, за време на склучување на договорот.
- Организаторот на патувањето не е овластен и не ја проценува валидноста на патните и други исправи.
- За сите информации кои се дадени по усмен пат, агенцијата не сноси никаква одговорност.
- Потписникот на Договорот за патување или претставникот на групата на патници е задолжен да ги информира и запознае сите патници со договорениот програм на патување, условите на плаќање, визирање и ОПШТИТЕ УСЛОВИ НА ПАТУВАЊЕ НА ТА ЦЕЛ СВЕТ од СКОПЈЕ.
- Патниците се должни, два дена пред поаѓање, да го проверат точното време и место на поаѓање на групата.
- Патникот е должен сам да се запознае со правилата на однесување во земјата во која патување и да ги почитува важечките законски царински прописи.
- Во превозните средства најстрого е забрането пушење, конзумирање на алкохол и опојни средства.
- Патниците се дожни да, во автобусите и другите превозни средства со кои се врши трансфер, останат на своите места и не смеат истите да ги напуштаат на места кои не се предвидени за пауза (граници, чек-поинт станици, патарини итн). Во случај патникот да го напушти возилото без претходен договор со претставникот на агенцијата, истиот сам ги сноси сите трошоци и последици.
- Патникот кој преку неадекватно однесување, ги вознемирува останатите патници или смета на шоферите и/или придружникот на групата во својата работа, ќе биде одма исклучен од патувањето и целата одговорност преоѓа на него/нea, без право на жалба и враќање на пари.
- Патникот е должен да ја почитува "саатницата" одредена од страна на претставникот на агенцијата на патувањето, во спротивно, претставникот на агенцијата има право да го исклучи патникот од патувањето.
- Во туристичките автобуси не е можна употреба на тоалет. Во согласност со планот и програмот на патувањето, паузи се прават на 3-4 часа (во зависност од локацијата и опременоста на бензинските станици), кои патниците можат да ги користат за употреба на тоалет.
- Агенцијата го одредува распоредот на седење, местото на поаѓање, местата за паузи и времетраењето на истите. Со плаќање на превозот, патникот го прифаќа горенаведеното, без право на приговор и жалба.
- Аранжманот е направен на база на минимум 10 патници за далечни патувања и 50 патници за европски патувања.
- Во случај на недоволен број на патници за реализација на аранжманот или други објективни околности, организаторот на патувањето ги информира патниците дека аранжманот е откажан – најкасно 10 дена пред датумот на поаѓање за далечни патувања и 5 дена пред датумот на поаѓање за европски патувања.
- Кај аранжманите кои вклучуваат превоз со авион, по купување на авио картата, невозможно е средствата да се вратат и во тој случај – важат условите на авио компанијата.
- Кај аранжманите кои вклучуваат low-cost авио компании, во случај на одложување на летот, откажување или губење на конекциите, патниците се дожни сами да ги платат новонастанатите трошоци и агенцијата не може да влијае на околностите кои се надвор од нејзиниот домет.
- Цените на low cost аранжманите се подложни на промена. По уплата на авансот се проверуваат тарифите и на патникот му се потврдува цената на аранжманот.
- Агенцијата не сноси одговорност доколку дојде до промена на авио конекциите од страна на авио компаниите.
- Саатниците на летовите наведени во планот и програмот или добиени од страна на агенцијата се подложни на менување и зависат исклучиво од авио компанијата.

- Агенцијата го задржува правото да го одбере превозното средство за трансфер. Трансферот се врши до самото сместување, доколку истото е физички возможно.
- За сите понудени или достапни дополнителни доплати, кои имаат врска со планот и програмот на патувањето, или сместувањето, потребно е да се изјасните при пријавување.
- Доколку некој патник сам одлучи да смени дел од планот и програмот на патувањето, агенцијата нема обврска на тој патник да му обезбеди трансфер/ран или доцен check-in или check-out во сместувањето/различни ноќевања во сместувањата, од она што е предвидено со планот и програмот на патувањето.
- Малолетните патници за време на патувањето мора да имаат заверена согласност од родителите.
- Заради почитување на саатниците предвидени со програмот на патување, како и почитување на времето на останатите патници од групата, не постои можност за задржување на границите кои претставуваат излез од Европска Унија, поради заверување на сметки и враќање на данок од Европската Унија (TAX FREE)
- Наша препорака е да водите сметка за вашите лични документи и пари на Вашето патување.
- За овој аранжман се применуваат ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ПАТУВАЊЕ.

**Напомени во врска со сместувањето:**

- Организаторот на патувањето, ТА ЦЕЛ СВЕТ, го задржува правото на распоред по соби, во согласност со структурата на собите во сместувачкиот објект. Доколку постои можност, агенцијата се труди да излезе во пресрет на желбите на патниците (Ве молиме да имате разбирање. Ова патување пред с treба да биде авантура и добра забава).
- Во сместувачките објекти се влегува првиот ден од престојот во согласност со правилата на самиот сместувачки објект.Начесто, check-in е во попладневните часови (14h или 15h), а check-out – последниот ден од престојот, најчесто до 10h или 11h.
- Описите на сместувачките објекти се од информативен карактер.
- Некои од дополнителните содржини на сместувачките објекти се достапни со доплата. Постои можност на отстапувања и промена на достапноста на некои содржини, бидејќи истите зависат исклучиво од сместувачките објекти (нпр. Сеф, паркинг, мини-бар, ТВ, клима уред...)
- Патникот е должен да ги почитува правилата на сместувачкиот објект и сам сноси одговорност доколку дојде да санкционирање од страна на персоналот на сместувачкиот објект
- Во некои сместувачки капацитет во Азија, Африка и Латинска Америка – нема врела вода.
- Сместувачките капацитети ги сместуваат патниците и го одредуваат распоредот и типот на собите спрема својата расположливост во дадениот момент. Агенцијата не е во можност да им потврди на клиентите дали креветите ќе бидат twin (раздвоени) или double (голем француски лежај), како ни спратноста во самото сместување, освен доколку тоа не е посебно назначено во Договорот. Клиентот со уплата на аранжманот се согласува со овие факти и условите на сместувањето, без право на жалба.
- Патниците кои што патуваат сами во некои програми имаат можност да со доплата, престојуваат сами во еднокреветна соба. Доколку патникот сака да се спои со некој од другите патници од групата и не сака да плаќа доплата, прифаќа да се спои со било кое лице од групата, без оглед на возраста и полот на сопатникот. Во овие ситуации, агенцијата апсолутно не одговара за било какви евентуални непријатност или несогласувања кои патниците можат да ги имаат за време на патувањето.

**Напомена во врска со факултативните излети:**

- Факултативните излети не се задолжителен дел од патувањата и за факултативните излети не е обезбедена заштита во поглед на гаранција за патувањето.
- Термините и цените на факултативните излети се променливи и зависат од слободните термини по локалитетите, бројот на пријавени патници и други објективни околности.
- Факултативните излети се реализираат од страна на локални агенции. ТА ЦЕЛ СВЕТ не е во можност да влијае на работи кои се надвор од нејзиниот домет, односно се врзани за самата реализација на излетот.
- Факултативните излети се реализираат од локални туристички водичи, на самите локалитети, на англиски јазик. Со плаќање на излетот, патникот ги прифаќа сите услови на локалната агенција, без право на жалба.
- Агенцијата не може да влијае на времетраењето на патувањата до локалитетите, времето на поаѓање, враќање или обиколка, како ни стручноста на локалните водичи.
- При уплата на факултативен излет, патникот ги прифаќа условите на локалната агенција која е организатор на излетот. Доколку еден патник уплаќа излет во име на други патници, истиот е должен да ги извести сопатниците за условите на локалната агенција. Било какви измени и откажување од излетот по уплатата, не се возможни, ниту е возможно, под било кои околности, да се рефундираат уплатените средства.
- Се молат сите патници, пред уплаќање на факултативен излет, да се информираат и упознаат со предвидениот план и услови за факултативниот излет.

**Напомена во врска со визите**:

- Патниците задолжително мора да се запознаат со визниот режим на државата во која патуваат.
- Некои амбасади бараат задолжително присуство на патникот за аплицирање за виза. Патниците се должни да ги испочитуваат правилата на амбасадата,
- Патниците се должни да ги достават документите за визирање, најдоцна 1 месец пред патувањето, а доколку не ги достават во наведениот рок, должни се сами да ја обезбедат визата за патување.
- Патниците кои не поседуваат нови биометриски пасоши на Република Македонија, должни се сами да се запознаат со визниот режим на државите во кои патуваат и сами да ги обезбедат визите за патување.
- Агенцијата не гарантира дека на патникот ќе му биде одобрена виза и не е овластена да утврдува валидност на документи.
- Агенцијата не сноси одговорност во случај на недобивање на виза.